ПОСТОЈАТ ЧЕТИРИ ВИСТИНИ ШТО ТРЕБА ЦЕЛОСНО ДА ГИ РАЗБЕРЕМЕ:

1 БОГ ТЕ САКА.

БОГ САКА ДА ИМАТЕ ВЕЧЕН ЖИВОТ СО НЕГО НА НЕБОТО.
Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Еднороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот. **ЈОВАН 3:16**
БОГ САКА ДА ИМАТЕ ИЗОБИЛЕН И ЗНАЧАЕН ЖИВОТ.
Крадецот влегува само да украде, да заколе и да погуби. Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат изобилно. **ЈОВАН 10:10**
СЕПАК, МНОГУ ЛУЃЕ НЕ ДОЖИВУВААТ ЗНАЧАЕН ЖИВОТ И НЕ СЕ СИГУРНИ ВО ВЕЧНИОТ ЖИВОТ БИДЕЈЌИ ...

2 ЧОВЕКОТ Е ГРЕШЕН ПО ПРИРОДА. ТАКА ТОЈ Е ОДДЕЛЕН ОД БОГА.

СИТЕ НИЕ СМЕ ГРЕШНИЦИ.
зашто сите згрешија и им недостасува Божјата слава, **РИМЈАНИТЕ 3:23**

КАЗНАТА ЗА ГРЕВОТ Е СМРТ.
зашто смртта е плата за грев... **РИМЈАНИТЕ 6:23**

ПОСТОЈАТ ДВА ВИДА НА СМРТ СПОМЕНАТИ ВО БИБЛИЈАТА:
- **ФИЗИЧКА СМРТ**

И како што на човекот му е определено да умре еднаш, а потоа суд, **ЕВРЕИТЕ 9:27**
- **ДУХОВНА СМРТ ИЛИ ВЕЧНА РАЗДЕЛБА ОД БОГ**

А на страшливците и на неверните, и на гнасните и на убијците, и на блудниците и на вражалците, и на идолопоклониците и на сите лажци, нивниот дел им е во езерото, кое гори со оган и сулфур; тоа е втората смрт. **ОТКРОВЕНИЕ 21:8**

АКО ЧОВЕКОТ Е ОДВОЕН ОД БОГА ПОРАДИ НЕГОВИОТ ГРЕВ, КОЕ Е РЕШЕНИЕТО ЗА ОВОЈ ПРОБЛЕМ? ЧЕСТОПАТИ РАЗМИСЛУВАМЕ ЗА ОВИЕ РЕШЕНИЈА:

РЕЛИГИЈА, ДОБРИ ДЕЛА, МОРАЛ

МЕЃУТОА, ПОСТОИ САМО ЕДНО РЕШЕНИЕ ДАДЕНО ОД БОГА.

3 ИСУС ХРИСТОС Е ЕДИНСТВЕНИОТ ПАТ ДО РАЈОТ.

ОВА Е ОНА ШТО ГО КАЖА БОГ.
Исус му рече: Јас Сум Патот, и Вистината, и Животот. Никој не доаѓа при Татко Ми, освен преку Мене. **ЈОВАН 14:6**

ИСУС ХРИСТОС ЦЕЛОСНО ЈА ПЛАТИ КАЗНАТА ЗА ВАШИТЕ ГРЕВОВИ.
Зашто и Христос умре еднаш за гревовите, Праведен за неправедните, за да нè приведе при Бога; навистина, Тој, Кој беше убиен во тело, оживе Духом; **1 ПЕТАР 3:18**

БОГ ИМА ВЕТУВАЊЕ ЗА ВЕЧЕН ЖИВОТ.
Кој верува во Синот, има вечен живот; а кој не се покорува на Синот, нема да види живот, туку Божјиот гнев останува врз него. **ЈОВАН 3:36**

МЕЃУТОА, НЕ Е ДОВОЛНО САМО ДА ЗНАЕМЕ ШТО НАПРАВИЛ ИСУС ХРИСТОС ЗА НАС.

4 НИЕ МОРА ДА ЈА ПОЛОЖИМЕ НАШАТА ВЕРА ВО ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС ЗА НАШЕ СПАСЕНИЕ.

НАШЕТО СПАСЕНИЕ Е ОВОЗМОЖЕНО СО БЛАГОДАТТА БОЖЈА ПРЕКУ ВЕРА ВО ИСУС ХРИСТОС.
Зашто по благодат сте спасени, преку верата, и тоа не е од вас самите - тоа е Божји дар! Не од делата, за да не се фали некој. **ЕФЕШАНИТЕ 2:8-9**

КАЖЕТЕ МУ ЈА ОВАА МОЛИТВА НА БОГА СО ВЕРА:

ГОСПОДИ ИСУСЕ, ТИ БЛАГОДАРАМ МНОГУ ЗА ТВОЈАТА ГОЛЕМА ЉУБОВ КОН МЕНЕ. ПРИЗНАВАМ ДЕКА СУМ ГРЕШНИК И БАРАМ ПРОШКА. ТИ БЛАГОДАРАМ ШТО УМРЕ НА КРСТОТ ЗА ДА ЈА ПЛАТИШ КАЗНАТА ЗА МОИТЕ ГРЕВОВИ. ВЕРУВАМ ВО ТВОЕТО ВОСКРЕСЕНИЕ ОД МРТВИТЕ. ОТСЕГА ПА НАТАМУ, ТИ ВЕРУВАМ КАКО МОЈ ГОСПОД И СПАСИТЕЛ. ГО ПРИФАЌАМ ТВОЈОТ ДАР ЗА ВЕЧЕН ЖИВОТ И ТИ ГО ПРЕДАВАМ МОЈОТ ЖИВОТ. ПОМОГНИ МИ ДА ГИ СЛУШАМ ТВОИТЕ ЗАПОВЕДИ И ДА БИДАМ ПРИЈАТЕН ВО ТВОИТЕ ОЧИ. АМИН.

АКО ВЕРУВАТЕ ВО ИСУС ХРИСТОС, ВИ СЕ СЛУЧИЛО СЛЕДНОВО:
- **ВИЕ ИМАТЕ ВЕЧЕН ЖИВОТ СО БОГ.**

Зашто тоа е волјата на Мојот Татко, секој што ќе Го види Синот и поверува во Него - да има вечен живот, и Јас ќе го воскреснам во последниот ден. **ЈОВАН 6:40**
- **СИТЕ ГРЕВОВИ ТИ СЕ ПРОСТЕНИ. (МИНАТО, СЕГАШНО, ИДНИНА)**

Тој нè избави од власта на темнината и нè пресели во Царството на Својот возљубен Син, во Кого имаме откуп, преку Неговата крв; простување на гревовите. **КОЛОШАНИТЕ 1:13-14**
- **ВИЕ СТЕ СОСЕМА НОВО СУШТЕСТВО ВО ОЧИТЕ НА БОГА.**

ОВА Е ПОЧЕТОК НА ВАШИОТ НОВ ЖИВОТ.
И така, ако е некој во Христа, тој е ново создание; старото помина, ете: сè стана ново. **2 КОРИНЌАНИТЕ 5:17**
- **СЕГА СТЕ БОЖЈО ДЕТЕ.**

А на сите кои Го примија, им даде власт да станат Божји деца, на оние кои веруваат во Неговото име: **ЈОВАН 1:12**

ПРАВЕЊЕТО ДОБРИ ДЕЛА НЕ Е СРЕДСТВО ЗА СПАСЕНИЕ, ТУКУ ДОКАЗ ЗА НАШЕТО СПАСЕНИЕ.

Зашто по благодат сте спасени, преку верата, и тоа не е од вас самите - тоа е Божји дар! Не од делата, за да не се фали некој. **ЕФЕШАНИТЕ 2:8-9**

Овој евангелски трактат е бесплатен. Не се продава.

Јас сум добриот пастир, и ги познавам овците мои, и ми се познати. Како што Ме познава Таткото Мене, така и Јас Го познавам Отецот, и ја полагам својата душа за овците. Имам и други овци, кои не се од ова трло; и ќе има едно трло и еден пастир. Затоа, мојот Татко ме љуби, зашто Јас го полагам мојот живот за да го земам пак. Никој не ми го одзема, туку јас го оставам сам од себе. Имам моќ да го положам, и имам моќ да го земам повторно. Оваа заповед ја добив од мојот Татко. Моите овци го слушаат мојот глас, и јас ги познавам, и тие ме следат: И јас им давам живот вечен; и никогаш нема да загинат, ниту некој ќе ги откине од мојата рака. ЈОВАН 10:14-18,27-28